Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-4/2021

Дата.______ 04-03-2021

**До:Информативен центар**

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-4/2021 на ден 12.02.2021 година од страна на анонимни граѓани од Општина Струмица, Ве замолуваме да го објавите исходот од првичното постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на Министерството за животна средина и просторно планирање на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

Со почит

**Виш соработник за постапување по претставки и предлози**: Анета Михајловска

**Раководител на Сектор за правни и општи работи:** Билјана Тешева Георгиевска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-4/2021
Дата. 04 -03- 2021

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр.УПП-4/2021 на анонимни граѓани од Струмица

Претставка заведена под архивски број УПП-4/2021 доставена од група на анонимни граѓани од Општина Струмица на ден 12.02.2021 година во врска со пријава против правни субјекти – објект гостилница и објект скара на кило со седиште на ул. „Младинска" бр.28 и бр.30 во Општина Струмица коишто ја загадуваат и деградираат нивната животна околина.

Министерството за животна средина и просторно планирање ја проследи претставката на првенствено постапување до Општина Струмица, Одделение за инспекциски надзор на ден 16.02.2021година.

Општина Струмица, Одделение за инспекциски надзор се произнесе со исходот од своето постапувањето врз основа на проследената претставка УПП-4/2021, со Известување на ден 01.03.2021 година во кое е наведено дека Одделението за инспекциски надзор, овластен инспектор за животна средина Микица Чавдарова има извршено увид на ден 24.02.2021 година при што е констатирано со Записник 26/21-97 дека правниот објект согласно мерките предвидени во самиот елаборат со Уп.бр.24-24 од 23.11.2020 година и роковите за временска реализацијаа во првиот квартал од 2021 година, се уште не се отпочнати со оглед и на временските прилики.
При вршење на надзорот на спроведување на мерките за заштита од непријатна миризба во угостителски објект, поведена е управна постапка каде правниот објект ДТУ Клисаник ДООЕЛ Струмица е задолжен со Решение ИП1.26/21-97 и рок од 15 дена да изврши поставување на филтер на постоечкиот оџак кој е предвиден како мерка за заштита на животната средина со цел намалување на емисии во вoздухот и непосредната животна средина каде престојува. Правниот субјект е задолжен во исто време да постави континиер за селектирање на комунален отпад кој произлегува од вршењето на дејноста.
Доколку задолжениот правниот субјект Клисник Дооел Струмица во предвидениот рокот од 15 дена не ги превземе предвитените мерки со решението, претсавката ке се проследи на понатамошно постапување и одлучување до прекршочната комисија на Министерството за животна средина и просторно планирање.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk